# ЗАКОН ЗА СУБВЕНЦИОНИРАН СТУДЕНТСКИ ОБРОК
## Редакциски пречистен текст[1]

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Предмет**

**Член 1**

Со овој закон се уредува правото на студентите за субвенциониран студентски оброк како и начинот и критериумите за субвенционирање.

**Дефиниции**

**Член 2**

Одделни поими употребувани во овој закон го имаат следново значење:

1) „субвенциониран студентски оброк" е финансиска поддршка во износ од 140 денари, што студентот ја добива од Министерството за образование и наука за купување приготвена храна. Износот на субвенциониран студентски оброк се усогласува во согласност со инфлациската стапка после секоја фискална година, а пред донесување на републичкиот Буџет за следната година;

2) „корисници на субвенциониран студентски оброк" се редовни студенти запишани на прв циклус, односно втор циклуси на студии, како и на интегрирани студии на државните и приватните универзитети во Републиката, државјани на Република Северна Македонија;

3) „ носител на платен промет" е банка со која Министерството за образование и наука има склучено нефинансиски договор, а преку чија мрежа се овозможува плаќање за субвенциониран студентски оброк кај даватели кои се вклучени во мрежата;

4) „ нефинансиски договор" е договор кој не предизвикува фискални импликации по Буџетот на Република Северна Македонија и

5) „ давател на субвенциониран студентски оброк " е правно лице кое произведува, подготвува или продава храна и кое е регистрирано во мрежата за плаќање на носителот на платен промет под соодветен код за трговец од категорија на трговци кои произведуваат, подготвуваат или продаваат храна.

**Член 3**

(1) Стручно - организациските работи при субвенционирање на студентскиот оброк, надзорот, рационалноста и ефективноста во користењето на средствата ги извршува Министерството за образование и наука (во натамошниот текст: министерството).

---

[1] Редакциски пречистениот текст на Законот за субвенциониран студентски оброк, ги опфаќа: основниот текст на Законот, објавен во "Службен весник на РСМ" бр. 31/20, Законот за изменување и дополнување на Законот за субвенциониран студентски оброк, објавен во "Службен весник на РСМ" бр.150/21, Законот за изменување на Законот за субвенциониран студентски оброк, објавен во "Службен весник на РСМ" бр. 251/22, Законот за изменување и дополнување на Законот за субвенциониран студентски оброк, објавен во "Службен весник на РСМ" бр.91/23, Законот за изменување на Законот за субвенциониран студентски оброк, објавен во "Службен весник на РСМ" бр.30/24 и Законот за изменување на Законот за субвенциониран студентски оброк, објавен во "Службен весник на РСМ" бр.74/25, во кои е означено времето на нивното влегување во сила и примена.

**Член 3-а**

(1) Министерството објавува јавен повик за избор на носител на платен промет, преку кој ќе се плаќа субвенционираниот студентски оброк.

(2) Јавниот повик од ставот (1) на овој член, Министерството го објавува на својата веб-страница. Јавниот повик трае 15 дена од денот на објавувањето.

(3) Критериумите кои треба да ги исполнува носителот на платен промет се:

1) да е банка кој добила согласност за вршење платен налог во согласност со закон;

2) да ја спроведе набавката и персонализацијата на дигиталните картички со кои ќе се плаќа субвенционираниот оброк;

3) да ги опслужува корисниците во рамките на постојното софтверско решение на банката или, доколку развива ново, за истото да не му наплати на Министерството;

4) да ги води бесплатно сметките на корисници на субвенциониран студентски оброк;

5) да овозможи поддршка во врска со дигиталната картичка за субвенциониран студентски оброк во рамките на редовните служби за грижа за корисници на банката;

6) провизијата по трансакција да биде на товар на трговецот во рамките на редовните услови на банката по кои веќе работи трговецот кој има ПОС терминал на банката;

7) да обезбеди и дополнителна резерва на дигитални картички, за уништени, украдени и сл. и

8) да овозможи користење дигитална картичка само во периоди и за намена уредени со овој закон.

(4) По изборот на носител на платен промет, во рок од 15 дена од денот на изборот, Министерството и носителот на платниот промет склучуваат нефинансиски договор.

(5) Министерството и носителот на платниот промет, во рок од седум дена од денот на склучувањето на договорот од ставот (4) на овој член, склучуваат протоколи за техничка соработка и размена на податоци за корисниците на субвенционираниот студентски оброк, со кои се уредува начинот на размената, видот на податоците и заштитата на истите.

(6) Носителот на платен промет му доставува на Министерството регистар на даватели на услуги, во согласност со кодот на трговци кои произведуваат, подготвуваат или продаваат храна, а Министерството го објавува регистарот на својата веб-страница.

(7) Носителот на платен промет е должен на месечна основа да му доставува на Министерството ажуриран регистар од ставот (6) на овој член.

**Членот 4 е избришан,** види: Закон за изменување и дополнување на Законот за субвенциониран студентски оброк ("Службен весник на РСМ" бр.150/21).

## II. НАЧИН НА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ

### Член 5

(1) Субвенционирањето студентски оброк се врши во точно утврдени периоди од годината и од месецот и во точно утврдено време од денот, кај давател на субвенциониран студентски оброк од регистарот на даватели од членот 3-а став (6) од овој закон.

(2) Плаќањето на услугата кај давател на субвенциониран студентски оброк од ставот (1) на овој член, корисникот го врши преку дигитална картичка или преку мобилен телефон.

(3) Корисниците имаат право услугата да ја користат од понеделник до сабота.

(4) Доколку корисникот на субвенциониран студентски оброк во периодот од ставот (3) на овој член не го искористи правото на субвенционирање студентски оброк, износот од субвенционираниот студентски оброк му е достапен на користење на сметката на корисникот до крајот на тековната седмица, заклучно со ден сабота.

(5) Правото за субвенциониран студентски оброк корисникот не може да го остварува во периодот од 1 јули до 1 октомври во годината во која се стекнал со правото на субвенционирање студентски оброк, како и за време на државни празници и неработни денови.

### Член 5-а

Постапката за избор на дизајнот на дигиталните картички се спроведува во согласност со Законот за јавните набавки (*).

**Членот 6 е избришан,** види: Закон за изменување и дополнување на Законот за субвенциониран студентски оброк ("Службен весник на РСМ" бр.150/21).

**Членот 7 е избришан,** види: Закон за изменување и дополнување на Законот за субвенциониран студентски оброк ("Службен весник на РСМ" бр.150/21).

### Член 8

Субвенционирањето на студентскиот оброк се врши од средствата од Буџетот на Република Северна Македонија кои се користат само за таа намена.

### Член 9

(1) Корисници на субвенциониран студентски оброк се редовни студенти запишани на прв циклус, односно втор циклуси на студии, како и на интегрирани студии на државните и приватните универзитети во Републиката, државјани на Република Северна Македонија и кои немаат месечен приход по кој било основ поголем од минималната нето-плата во Републиката за тековната година.

(2) Веродостојноста на податоците од ставот (1) на овој член студентот ја потврдува со изјава за точност на внесените податоци која ја доставува до Министерството.

(3) Формата и содржината на изјавата од ставот (2) на овој член ја пропишува министерот за образование и наука во рок од девет месеци од денот на влегувањето во сила на законот.

(4) Начинот и условите во постапката за пријавување за корисници на субвенциониран студентски оброк со подзаконски акт ја пропишува министерот за образование и наука.

**Член 10**

(1) Регистрирањето на корисници на субвенциониран студентски оброк се врши со пополнување на посебна пријава за упис која студентот ја поднесува до Министерството, а со која се врши пријавување и на телефонскиот број на студентот и негово внесување во системот. Пријавата содржи согласност за користење на личните податоци на подносителот и од членовите на семејството (родители, старатели или брачен другар) како и изјава за точност на внесените податоци во неа.

(2) Министерството пријавите за стекнување со право на субвенциониран студентски оброк ги обработува електронски со внесување на податоците од пријавата во електронска форма.

(3) Министерството за студентите кои аплицирале и ги исполнуваат условите да се стекнат со правото на субвенциониран студентски оброк, води електронска евиденција за податоците и изјавите од членот 9 ставови (1) и (2) од овој закон и пријавата од ставот (1) на овој член.

(4) Формата, содржината и образецот на пријавата за стекнување со правото на субвенциониран студентски оброк од ставот (1) на овој член ја пропишува министерот за образование и наука.

**Член 11**

(1) Министерството, со цел да овозможи остварување на правото на субвенциониран студентски оброк, води електронска евиденција на корисниците на правото на субвенциониран студентски оброк, во која се обработуваат следниве лични податоци:

- лично име на корисникот,
- ЕМБГ,
- бројот на мобилен телефон, кога студентот го користи правото на субвенциониран студентски оброк со користење на мобилниот телефон,
- електронска адреса или број на мобилен телефон за известување за правото на користење и начинот на работа на системот на субвенциониран студентски оброк врз основа на согласност на корисникот на субвенциониран студентски оброк,
- периодот во кој студентот го има правото на субвенциониран студентски оброк,
- бројот на субвенционирани оброци на кои студентот има право месечно и
- бројот на субвенционирани оброци, кои биле искористени кај поединечен давател во определен месец.

(2) Министерството ја проверува исполнетоста на критериумите на секој корисник на студентски оброк и го брише лицето од евиденцијата на корисници на субвенциониран студентски оброк кога ќе утврди дека повеќе не ги исполнува критериумите за користење субвенциониран студентски оброк.

**Членот 12 е избришан,** види: Закон за изменување и дополнување на Законот за субвенциониран студентски оброк ("Службен весник на РСМ" бр.91/23).

**Член 12-а**

(1) Примената финансиска поддршка за користење на правото на субвенциониран студентски оброк не се оданочува со данок на доход согласно со Законот за данок на личен доход.

(2) Примената финансиска поддршка за користење на правото на субвенциониран студентски оброк е изземена од извршување спрема корисникот по кој било основ.

**Член 13**

Министерот за образование и наука со подзаконски акт подетално го уредува спроведувањето на правото на субвенциониран студентски оброк, плаќање на субвенцијата, водењето на евиденција и известување, како и надзорот над субвенционираниот студентски оброк.

**Член 13-а**

Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон врши Министерството.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 14**

Подзаконските акти утврдени во овој закон ќе се донесат во рок од девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 15**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе започне да се применува од 15 септември 2021 година.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**
**од Законот за изменување и дополнување**
**на Законот за субвенциониран студентски оброк**
**("Службен весник на РСМ" бр.150/21)**

**Член 11**

(1) Одредбите од членовите 7, 8 и 9 од овој закон со кои се менуваат членовите 10, 11 и 12 ќе се применуваат до март 2023 година. По март 2023 година ќе се применуваат одредбите од членовите 10, 11 и 12 на Законот за субвенциониран студентски оброк („Службен весник на Република Северна Македонија" број 31/20).

(2) Одредбата од членот 10 од овој закон со која се додава нов член 12-а ќе се применува до 31 август 2023 година.

* Во членот 11 став 2 зборот „ март 2023 година " **се заменува со зборот „ 31 август 2023 година "види: член 11** од Законот за изменување и дополнување на Законот за субвенциониран студентски оброк ("Службен весник на РСМ" бр.91/23)

**Член 12**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**ЗАВРШНА ОДРЕДБА**
**од Законот за изменување**
**на Законот за субвенциониран студентски оброк**
**("Службен весник на РСМ" бр.251/22)**

**Член 2**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**ПРЕОДНА И ЗАВРШНА ОДРЕДБА**
**од Законот за изменување и дополнување**
**на Законот за субвенциониран студентски оброк**
**("Службен весник на РСМ" бр.91/23)**

**Член 12**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе започне да се применува од 1 септември 2023 година.

**ПРЕОДНА И ЗАВРШНА ОДРЕДБА**
**од Законот за изменување**
**на Законот за субвенциониран студентски оброк**
**("Службен весник на РСМ" бр.30/24)**

**Член 2**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе започне да се применува од 1 март 2024 година.

**ЗАВРШНА ОДРЕДБА**
**од Законот за изменување**
**на Законот за субвенциониран студентски оброк**
**("Службен весник на РСМ" бр.74/25)**

**Член 3**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".